| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Другарство |
| **Содржина на денот** | Вежбаме- растеме |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема зошто, како и каде треба да носам маска за да го заштитам сопственото здравје и здравјето на луѓето околу мене. |
| **Активности** | -Вежби за различни видови на одење при што се користат разни полигони кои самите ќе ги поставите на отворен или во затворен простор.<br>-Подвижна натпреварувачка игра „Игри без граници“.<br>-Играта може да ја игра детето со било кој член од семејството. Се поставуваат исти патеки со реквизити кои децата треба да ги поминат започнувајќи истовремено на даден знак. Кој ќе заврши прв заѕвонува на ѕвонче. Играта може да содржи разни видови на активнсоти по избор (одење на означени линии, провлекување под реквизити, тркалање хулахоп, скокање во вреќа, пренесување на предмети во лажица, носење на предмети на глава, погодување цел...) Оној што ќе прави грешки ќе треба да ја повтори конкретната активност. |